# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009,50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), во член 3 во ставот 1 зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Македонија" се заменуваат со зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија".

**Член 2**

Во член 27-в ставот 1 се менува и гласи:
„Фондот ги собира и обработува личните податоци на осигурените лица од лична карта или патна исправа при остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување, согласно со целите утврдени со овој закон и во согласност со прописите од областа на заштитата на личните податоци."

**Член 3**

По членот 28 се додава нов наслов и нов член 28-а, кои гласат:

**„Користење на лекови кои паѓаат на товар на Фондот врз основа на електронски рецепт**

Член 28-а

Лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, се издаваат на осигуреното лице врз основа на рецепт издаден од страна на избран лекар во електронска форма потпишан со квалификуван дигитален сертификат (во натамошниот текст: електронскиот рецепт), со содржина која ја утврдува Фондот, по претходно мислење од Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства.

Пропишувањето на лековите на електронски рецепт и издавањето на лекот во аптека, аптекарска станица или подвижна аптека, се врши преку информатичко-комуникацискиот систем на Фондот.

Фондот врши проверка и контрола на податоците за пропишаните и издадените лекови на електронски рецепти и најмалку еднаш дневно ги доставува проверените и контролираните податоци за електронските рецепти од ставот 2 на овој член, во информатичко-комуникациската инфраструктура во Министерството за здравство согласно со овој закон и прописите од областа на евиденцијата во областа на здравството.

Проверениот и контролираниот електронски рецепт заверен од Фондот со временски жиг се запишува во Регистарот на рецепти на Фондот, по што аптеката, аптекарската станица или подвижната аптека му издава лек на пациентот.

Фондот преку информатичко-комуникацискиот систем генерира спецификација на лековите издадени од аптека, аптекарска станица или подвижна аптека, врз основа на проверените и контролираните електронски рецепти и подготвува месечна фактура за утврдување на висината на надоместокот за лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и се издадени на осигурените лица од аптеката, аптекарската станица или подвижната аптека.

Начинот на препишување на лек и начинот на издавање на електронскиот рецепт, ги пропишува министерот за здравство, по претходно мислење од Фондот.

Образецот на рецептот во електронска форма како електронски документ и неговите задолжителните елементи, како и користењето на квалификуван дигитален сертификат за потпишување, ги пропишува министерот за здравство, по претходно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.“.

**Член 4**

Членот 65-а се менува и гласи:

„При вршење на инспекциски надзор, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник, доколку утврди дека за прв пат е постапено спротивно на членовите 84, 84-а и 86 од овој закон.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат води евиденција на изречените опомени.

Формата и содржината на евиденцијата од ставот 2 на овој член, ја пропишува министерот за здравство.“.

**Член 5**

Членот 65-б се брише.

**Член 6**

Во член 84 став 1 во воведната реченица зборовите: „5.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „100 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро правни лица, од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали правни лица, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за здравствената установа“ се заменуваат со зборовите: „50 до 500 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 3 зборовите: „500 до 750 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

**Член 7**

Во член 84-а став 1 во воведната реченица зборовите: „5.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „300 до 1.000 евра во денарска

противвредност за микро правни лица, од 300 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали правни лица, од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 500 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за здравствената установа, односно за правно лице“ се заменуваат со зборовите: „400 до 500 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 3 зборовите: „500 до 750 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 евра во денарска противвредност“.

**Член 8**

Во член 84-в во ставот 7 зборовите: „500 до 1.500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „од 250 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 8 зборовите: „10.000 до 15.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „од 250 евра во денарска противвредност“.

**Член 9**

Членот 85 се брише.

**Член 10**

Во член 86 став 1 во воведната реченица зборовите: „5.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „100 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро правни лица, од 100 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали правни лица, од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни правни лица и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи правни лица“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за работодавецот“ се заменуваат со зборовите: „50 до 500 евра во денарска противвредност“.

**Член 11**

На осигурениците на кои им се ускратени правата од задолжителното здравствено осигурување поради нередовно уплатуван придонес или уплатата на придонесот задоцнила повеќе од 60 дена, односно имаат долг за неплатен придонес како и државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани по ниту еден основ и државјаните на соседните земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено договор за социјално осигурување, а се затекнати на територијата на Република Северна Македонија, можат во здравствените установи да користат здравствени услуги поврзани со дијагностицирање и лекување од Коронавирусот COVID-19 на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за време на траење на пандемијата прогласена од Светската здравствена организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

Осигурениците лица се ослободуваат од учеството со лични средства при користење на здравствени услуги во здравствените установи поврзани со дијагностицирање и лекување од Коронавирусот COVID-19, за време на траење на Пандемијата прогласена од Светската здравствена организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARSCoV-2.

**Член 12**

Одредбите од членот 3 од овој закон, со кој се додава нов член 28-а, ќе започнат да се применуваат три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен ставот 7 кој ќе започне да се применува по добивањето на претходно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ќе го усогласат своето работење со членот 3 од овој закон и ќе воведат користење на времен жиг и квалификуван дигитален сертификат за потпишување најдоцна три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат најдоцна три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До започнувањето со примена на одредбите од членот 3 од овој закон, со кој се додава нов член 28-а, осигурените лица можат да користат лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и без приложување на хартиен рецепт издаден од избран лекар, на начин утврден од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**Член 14**

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

**Член 15**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравственото осигурување.

**Член 16**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.